# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 21.07.2006 година

**Заклучоци и препораки од 8.седница на НСП**
одржана на ден 19.07.2006 година

1. **Искуства и отворени прашања во врска со извршувањето по започнувањето на примена на Законот за извршување.**

На седницата НПС беше направен успешен обид да се даде одговор на повеќе прашања поставени за дискусија од страна на присутните членови на Советот како и од присутните гости во врска со извршувањето на налозите по започнувањето на примена на Законот за извршување, што воедно претставува чекор напред за поефикасно регулирање на оваа проблематика, одстранување на проблемите и поедноставување во извршувањето на решенијата за присилна наплата.

*НСП ги сумираше заклучоците по оваа точка со следните препораки:*

-Банката како носител на платен промет нема контролна функција по прашањето за редоследот на извршувањњето на налозите. Редоследот на извршување на налозите е право и обврска на Извршителите по Законот за извршување, а банките само ги извршуваат примените налози. Контролната улога на банката треба да се сведе на испитување на уредноста на налогот и истиот да го врати доколку установи неуредност или непотполнетост на задолжителните елементи кои истиот мора да ги содржи.

-Министерството за правда (во координација со Јавниот правобранител) да достави писмено толкување за значењето на примената и разликите помеѓу образец 62 и образец 34 со цел да се добие соодветно правно мислење и единствена употребата на истите од страна на носителите на платниот промет.

-Барањето за извршување ќе треба задолжително да се доставува до банките, се додека Министерството за правда не го промени Правилникот. Банките немаат контролна улога и не треба да се оптоваруваат со податоците наведени во барањето за извршување, печат за прием од Извршителот итн. Доколу истите не соодветствуваат со податоците наведени во налогот за извршување, целосна одговорност по истите сноси Извршителот.

-Образецот 62 треба да се печати двострано согласно Правилникот. Доколку формата не биде запазена истиот ќе биде вратен на Извршителот.

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB

-Доставницата-образец 83 се користи исклучиво за лична достава на образецот 62. При доставување на образецот 62 преку пошта се користи пратка со повратен рецепис. Воедно препорача до банките во соработка со сопствените правни служби да дефинираат постапки на достава и прием согласно Законот за парнична постапка.

-Се предлага, Министерството за правда полето бр.4-сметка на доверител да го отстрани од Правилникот. Се додека полето бр.4- сметка на доверител фигурира во Правилникот како важечки задолжителен елемент, истото треба да се пополнува.

-Извршителите имаат обврска во примената на Законот за извршување, а контролната улога на банката треба да се елиминира. Сепак, доколку банките забележат некои неправилности во работата на Извршителите истите може да ги пријават на Министерството за правда (кое е надлежно за контрола на Извршителите) и копие од истото да достават до Комората на извршители.

-Извршителот може да определи дали да ја продолжи постапката по блокираните средства за наплата со пренесување на средства од друга сметка на должникот кај друга банка (согласно со ЗПП) или ќе го повлече налогот за извршување од кај едната банка и ќе изготви нов налог за наплата од друга сметка кај друга банка користејќи ги своите овластувања по ЗИ. Со цел надминување на ваквите состојби на две решенија по двата закони, Министерството за финансии и Министерството за правда треба да најдат соодветно решение и притоа да се направат прилагодувања во ЗПП за извршување на решенијата за присилна наплата. Воедно заклучи дека е потребно да се формира помала работна група со претставници од банките, Народна Банка на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за правда со цел да се изнајдат соодветни солуции за решавање на оваа проблематика. За отпочнувањето со работа на работната група ќе бидат дополнително повикани од НБРМ после годишните одмори.

-Согласно член 4, став 4 од Законот за девизно работење кој гласи: “Употребата на девизи и други меѓународни мерила за вредност е дозволена само за вредносно изразување на договорите помеѓу резидентите при што валутата за извршување задолжително е денар”; се апелира до судиите во судските пресуди и/или до извршителите во колку е наведено во пресудата задолжително до износот наведен во друга валута да го напишат истиот да се исплати во денари пресметан по среден курс на девизата на Народна Банка на Република Македонија, на денот на исплатата.

-Банката нема никаква обврска да проверува дали Извршителот е надлежен да постапува по пресудите за тоа подрачје.

-Бројот на Извршителот е задолжителен елемент кој мора да стои во налогот за извршување, и доколку не е уредно пополенет се враќа на Извршителот. Министерството за правда треба да направи дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на броевите кои треба да соодветствуваат со ставка 8. од налогот за извршување.

-При отворање на посебна сметка на Извршител банките треба да побараат од Извршителот да наведе дали се работи за посебна или редовна сметка и соодветно на тоа да ја пријават во ЕРИС. За веќе пријавените сметки банките треба да контактираат со Извршителот и да го дополнат називот.

-Не смее да постои произволна оценка од страна на банките за прием на налози. Банките се должни во терминскиот план за извршување на налозите во платниот промет да извршат дополна за крајниот рок за прием на налози за извршување.

-За да го изврши налогот банката мора да располага со информација за висината на каматна стапка, во спротивно ќе го врати на Извршителот. НС се обврза да прати допис до Врховниот Суд на Република Македонија за определување и задолжително ставање на висината на домицилна каматна стапка во судската пресуда, доколку е потребно да се пресмета камата на главниот долг. Воедно повторно беше истакната нужноста за формирање на работна група за поефикасно решавање на проблемите и прашањата доставени од банките.

2. **Усвојување на записникот од 7. седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои Записникот од 7.седница на НСП.

3. **Информација по однос на препораките од 7. седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

НСП ја усвои Информацијата и врз основа на добиените усни информации од членовите на НС како и писмените известувања од надлежните институции во изминатиот период по одделните точки од Препораките од претходната Седница заклучи:

По прашањето за расположиви средства врз основа на писменото известување од МФ, **Расположиви средства** се сите средства на денарските и девизните сметки на учесникот во платниот промет-должник, кај носителот на платниот промет, од кои се извршуваат решенијата за присилна наплата, освен средствата кои се орочени и за кои е склучен посебен договор помеѓу банката и коминтентот се до рокот на важност на договорот, средствата на сметките со посебна намена кои се издвоени согласно закон или пропис донесен врз основа на закон, како и средствата на сметките за отворени акредитиви и издадени гаранции (денарски и девизни), кои се отворени согласно договор помеѓу деловниот субјект и банката се до рокот на важност на договорот.

**Приоритетот на наплатата** на решенијата за присилна наплата издадени од страна наУЈП важи од 01.04.2006 година, согласно Законот за Даночна Постапка.

Банките треба да достават барање до Здружението на банкарство за решавање на проблематиката за изнаоѓање на решение за постапките на носителите на платен промет за затворање на неактивните сметки и воедно да ги пријават сите сметки на физичките лица преку кои се вршат плаќања во ЕРИС.

4. **Разно.**

На седницата на НПС се покрена прашањето за превземање на решенија од банка во стечај. При тоа НПС укажа дека во Клириншката куќа- КИБС е подготвен системот да банките може да превземаат блокади на сметка, доколку добијат такво решение од судот.

Емилија Нацевска, с.р.
Вицегувернер,
Претседател на
Националниот Совет за платни системи